РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4072/1
22.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Шести седумдневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Во согласност со обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставува шести седумдневен извештај за Локалните избори 2025 година кој го опфаќа периодот од 15 до 21 септември 2025 година.

На 17 септември (во писмена форма) и на 19 септември (по електронска пошта), му беше одговорено на онлајн медиум кој, до Агенцијата, ја имаше препратено својата преписка со ДИК во врска со неправилности во ценовникот за платено политичко рекламирање (ППР) за Локалните избори 2025 година на ТВ Гура. Во обата дописи му беше појаснето дека потврдувањето на ценовниците е во надлежност на ДИК, а Агенцијата, врз основа на податоците од потврдените ценовници прави табеларен преглед, како сопствен збирен документ што го објавува на www.avmu.mk заради полесна прегледност и достапност. Притоа, му беше посочено дека Агенцијата, од овој преглед ги избриша податоците на кои се реферираше во преписката, но оти евентуалното понатамошно постапување во врска со ценовникот е во надлежност на ДИК.

До ТВ Гурра беше испратен допис во кој беше потсетена дека новинарските жанрови (прилог, емисија) не смеат да се користат за платено политичко рекламирање, како и дека е забрането да се емитува ППР во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани (член 76 ставови 4 и 6 од ИЗ). Истовремено, беше известена дека, доколку со мониторингот на изборното медиумско претставување што го спроведува Агенцијата, биде утврдено прекршување на забраните од член 76, ќе биде констатиран прекршок и ќе бидат преземени соодветните законски мерки.

Оваа седмица, на социјалните мрежи започна кампања за популаризација на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми и за функционирањето на Координативното тело, како и за основите и начинот на поднесување претставка.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**